Број: 0302-8
10.01.2025 година
Велес

До
Сектор/одделение за Финансии / Сметководство / Ревизија

**Предмет: Покана за работилница**

Почитувани,

Продолжувајќи ја повеќе од дведецениската традиција на организирање работилници за подготовка на финансиските извештаи / завршната сметка / годишната сметка, Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија со задоволство Ве поканува на работилницата на тема:

**„Изготвување на финансиските извештаи / завршната сметка / годишната сметка за 2024 година кај буџетите, буџетските корисници, единките корисници, јавните установи, јавните здравствени установи и јавните претпријатија“**

која ќе се одржи во **хотел „Prezident“ – Нови Сад, Република Србија** (https://prezidenthotel.com/), во периодот од 29 Јануари до 01 Февруари 2025 година, според програмата за обука.

Поаѓање од Скопје за Нови Сад на 29 Јануари 2025 година од паркингот пред хотел „Александар Палас“, Скопје во 09.30 часот. Деталите за планот за патување ќе им бидат доставени на учесниците кои ќе бидат регистрирани за учество на работилницата.

Подготвувањето на завршната сметка / годишната сметка претставува многу важна активност со која се заокружува финансиското работење во текот на една деловна година. Поради тоа, од исклучителна важност е правилното, законското и навременото подготвување на завршната сметка / годишната сметка, како и навременото доставување до надлежните институции.

Темите за работилницата се внимателно избрани и тие ги рефлектираат потребите и барањата за меѓусебно континуирано информирање. Работилницата е дизајнирана како интерактивен настан за размена на информации, добри практики, добивање насоки за постапување и одговори на отворени прашања.

Обезбедените квалитетни експерти - практичари, предводени од **дипл. екон. Бранислав Гулев**, со своето долгогодишно искуство во областа на финансиското работење во јавниот сектор, ревизијата, меѓународните сметководствени стадарди, менаџирањето со јавните средства, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија на работилницата и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Искористете ја можноста да обезбедите присуство на работилницата и богат сет работни материјали кој се состои од специјално креирани:

- **Прирачник за составување на завршната сметка за 2024 година кај буџетските корисници, единиците на локалната самоуправа, правните субјекти кои сметководството го водат на готовинска основа;**
- **Прирачник за изготвување на годишна сметка за 2024 година кај јавните претпријатија согласно со законската регулатива и меѓународните сметководствени стандарди / меѓународни стандарди за финансиско известување**
- **Презентации**
- **Богат сет на дополнителни работни материјали, законски и подзаконски акти** поставени на електронски носач на информации.

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@gmail.com веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

Котизацијата за учество, која е задолжителна за сите пријавени за учество на работилницата и изнесува само **7.875,00 денари (со ДДВ)** по учесник со вклучени работни материјали.

Котизацијата за учество на работилницата можете да ја уплатите на:
**Здружение на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Учесниците на работилницата ќе добијат сертификат за учество на работилницата.**

Учесниците на работилницата кои имаат статус на сметководител, односно овластен сметководител согласно со одредбите на Законот за вршење сметководствени работи ќе имаат **право на доделување на часови за посета на настава за КПУ** согласно со темите и нивното времетраење опфатени со Агендата за оваа работилница. За овие посетители фактурирањето на надоместокот ќе биде соодветно прилагодено во рамките на вкупно утврдениот надоместок за работилницата.

**За учество на работилницата потребно е да направите:**

- **Пријавување за работилницата во Здружението на финансиските работници најдоцна до 20.01.2025 година.** Вашите пополнети пријави за учество на работилницата ги очекуваме на емаил: zfrlsjpv@gmail.com kontakt_zfr@yahoo.com Формуларот Пријава за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна https://zfr.org.mk/
- **Резервација на Пакет аранжман** во **Туристичката Агенција "Fame One Travel" – Скопје најдоцна до 20.01.2025 година**

**Резервација на Пакет аранжман**

Ве молиме да се обратите во **Туристичката Агенција "Fame One Travel" – Скопје, кај г-а Александра Марковиќ Цветановска, моб тел / Viber / WhatsApp / 389 70 268 854, за да извршите резервација на комплетниот пакет аранжман кој се состои од: патување со организиран превоз, патничко осигурување, сместување: два полни пансиони (FB) и еден полупансион (HB) со вклучени кафе паузи и пијалок за време на ручек и вечера.**

**За резервирање на пакет аранжман потребно е да извршите уплата на целосниот износ на пакет аранжманот најдоцна до 20.01.2025 година. Резервациите ќе се извршуваат по принцип: „Прв пријавен – потврден – услужен".**

**Деталите и информациите за пакет аранжманот ќе бидат доставени до учесниците на работилницата.**
**Пакет аранжманот е задолжителен за сите учесници на работилницата.**

За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на финансиски работници, на тел. 043/230-623, моб. 071/335-930, 076/265-136 или преку погоре наведените емаил адреси.

Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
**м-р Зоран Јанкуловски**